Препис	Цела содржина од имотниот лист

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-5641/2021 од 17.03.2021 15:52:01

1105-5641/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1898 ПРЕПИС
Катастарска општина: ТРКАЊЕ

М.П.

Овластено лице:
Владимир Иванов
име и презиме, потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1109-274/2021 од 09.04.2021 08:47:01

1109-274/2021

ИЗВОД ОД КАТАСТАРСКИ ПЛАН

Размер на планот	1 : 1010
Катастарска општина	41 ТРКАЊЕ
Катастарска парцела	19/21



Овластено лице

Дистрибутивен систем на АКН

М.П.

(име, презиме и потпис)

Друштво за трговија и услуги
ЦЕНТРАЛ ИНВЕСТ ДОО
Бр 03-36
21.04 2021 год.
СКОПЈЕ

ПОЛНОМОШНО

Јас, Проф.Д-р. Кочо Анѓушев, со место на живеење на ул.„Леринска“ бр.11А, со ЕМБГ 2006969480021, издадена од МВР Скопје, управител на Друштвото за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ ИНВЕСТ ДОО Скопје од Скопје, со седиште на ул.„Бул. Климент Охридски” бр.30, Скопје, како инвеститор на Урбанистичките проекти (осум) за: Г.П.бр.1, Г.П.бр.2, Г.П.бр.3, Г.П.бр.4, Г.П.бр.5, Г.П.бр.6, Г.П.бр.7 и Г.П.бр.8 од „У.П.В.Н.М. за изградба на фотоволтаични централи на дел од К.П.19/1 и К.П.бр.19/2, К.О.Тркање, Општина Кочани“, го **ополномоштувам** лицето Томе Ристевски д.и.а., управител на ДООЕЛ БИРО ЗА УРБАНИЗАМ од Битола, за аплицирање и процесуирање на планската документација во информацискиот систем е-Урбанизам и во мое име по електронски пат да ги доставува потребните документи во текот на постапката за изработка и одобрување на гореспоменатите Урбанистички проекти.

Полномошното го дава:
за ДТУ ЦЕНТРАЛ ИНВЕСТ ДОО Скопје

управител:
Проф.Д-р. Кочо Анѓушев

Друштво за трговија и услуги ЦЕНТРАЛ ИНВЕСТ ДОО СКОПЈЕ

19.04.2021 година
Скопје

Јас, НОТАР Снежана Видовска
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

Потврдувам дека
за ЦЕНТРАЛ ИНВЕСТ ДОО бул.Свети Климент Охридски бр.30, Скопје законскиот застапник Анѓушев Кочо ул. Леринска бр. 11А Скопје
има депонирано потпис Записник ОДУ бр.420/20 од 01.10.2020,

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50.00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100.00 денари.

Број УЗП 3058/2021
Во Скопје 21-04-2021

Нотар
Снежана Видовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
ВАЛЕНТИНА БЛАЖЕВА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје

НОТАР СНЕЖАНА ВИДОВСКА СКОПЈЕ

„БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ ДООЕЛ БИТОЛА

Т.Д. ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ

ГРАФИЧКИ ДЕЛ
НА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

ЗА

„Г.П.бр.1.2 НА К.П.бр.19/21, К.О.ТРКАЊЕ
ВО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД К.П.бр.19/1 И К.П.бр.19/2, К.О.ТРКАЊЕ, ОПШТИНА КОЧАНИ“
ОПШТИНА КОЧАНИ

ИЗРАБОТУВАЧ: ДООЕЛ „БИРО ЗА УРБАНИЗАМ“ - БИТОЛА

ИНВЕСТИТОР: ДТУ „ЦЕНТРАЛ ИНВЕСТ“ ДОО, ул.„БУЛЕВАР КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ бр.30, СКОПЈЕ

ТЕХ. БРОЈ: У-08/21

0 ТОМЕ РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0040

0 БЛАГОЈА РИСТЕВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0.0560

БИТОЛА, ЈУЛИ, 2021г.

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОЕКТИРАЊЕ И СТУДИИ ТОМЕ БИРО ЗА УРБАНИЗАМ БИТОЛА

ОПШТИНА КОЧАНИ
Број. 22-30/161 од 13.04.2021год.

Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

ИЗВОД ОД ПЛАН: ТБ.бр.0801/107/19	
УПВНМ за изградба на фотоволтаични централи на дел од КП 19/1 и КП 19/2 КО Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: 09-1098/1 од 20.05.2020г.	
Намена на градба:Е2 - комунална супраструктура/градби за производство на енергија-фотоволтаични централи со капацитет до 1MW	
Ул. ,, _/_ ,, Бр. _/_	
КО: Тркање	КП.19/21
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за парцела : за ГП бр.1.2 за КП бр.19/21 КО Тркање
Графички приказ:Синтеза

Зона:Вон населено место

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2 КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2029

КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА



ФАЗА

BILD URBAN

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО
ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ
НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2, КО ТРКАЊЕ
ОПШТИНА КОЧАНИ

ЛИСТ БР. 6

ТЕХ. БР. 0801/107/19

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070
ИГОР ПОПОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0389

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ЛОКАЦИЈА: КО ТРКАЊЕ, О. КОЧАНИ 3.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ


Д
1.2
E2
H=8,00m
П
АУП
1.3
E2
H=8,00m
П
АУП
НОВОПЛАНИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ
ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ
R50
R40
11,9
8,7
179
178
177
176
175

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ P = **18,14** ha

ГРАНИЦА НА БЛОК

1 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК

ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА

РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОВЕЌЕ ГРАДБИ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

H=8,00m МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ

П МАКСИМАЛНА КАТНОСТ

АУП ЗАДОЛЖИТЕЛНА РАЗРАБОТКА СО АРХИТЕКТОНСКО - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

СИМБОЛИЧНА ПРЕТСТАВА НА ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА ЧИЈА ТОЧНА МЕСТОПОЛОЖБА ВО ГП КЕ СЕ УТВРДИ СО ИЗРАБОТКА НА АУП

12,0 + 12,0 24,0

ПОСТОЕН ВОЗДУШЕН 110kV ДАЛНОВОД СО ЗАШТИТНА ЗОНА

ЗАШТИТЕН ПОЈАС ОД 50m БЕЛСКИ ДОЛ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

E2 — Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА / ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW /

E1 — Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ/

E1 — Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ ХМС „БРЕГАЛНИЦА"/

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2 — Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

АСФАЛТИРАН КОЛОВОЗ /НОВОПЛАНИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ/

ЗЕМЈЕН КОЛОВОЗ /ПОСТОЕН ПРИСТАПЕН ПАТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДМК ОД ХМС „БРЕГАЛНИЦА"/

ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ ХИДРО-МЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ „БРЕГАЛНИЦА"

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

планска документација				
реден број	намена на површини	класа на намена	површина на парцели	процент
		шифра	m²	%
1	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	Е2	163700 m²	90,26%
2	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	Д2	7312 m²	4,03%
3	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ од ХМС Брегалница/	Е1	235 m²	0,13%
4	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ/	Е1	10112 m²	5,58%
Вкупно			181360 m²	100,00%

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

ОПШТИНА КОЧАНИ
Број. 22-30/161 од 13.04.2021год.

Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

ИЗВОД ОД ПЛАН: ТБ.бр.0801/107/19	
УПВНМ за изградба на фотоволтаични централи на дел од КП 19/1 и КП 19/2 КО Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: 09-1098/1 од 20.05.2020г.	
Намена на градба:Е2 - комунална супраструктура/градби за производство на енергија-фотоволтаични централи со капацитет до 1MW	
Ул. ,, _/_ ,, Бр. _/_	
КО: Тркање	КП.19/21
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за парцела : за ГП бр.1.2 за КП бр.19/21 КО Тркање
Графички приказ:Инфраструктура

Зона:Вон населено место

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2 КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2029
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
  ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ P = **18,14** ha
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- 1 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
- i=0,30% L=243,44m НИВЕЛАЦИЈА
- 363,59 m ВИСИНСКА КОТА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОВЕЌЕ ГРАДБИ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- H=8,00m МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- П МАКСИМАЛНА КАТНОСТ
- АУП ЗАДОЛЖИТЕЛНА РАЗРАБОТКА СО АРХИТЕКТОНСКО - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЕН ВОЗДУШЕН 110kV ДАЛНОВОД СО ЗАШТИТНА ЗОНА
- ПЛАНИРАНИ ПОДЗЕМНИ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ
- СИМБОЛИЧНА ПРЕТСТАВА НА ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА ЧИЈА ТОЧНА МЕСТОПОЛОЖБА ВО ГП КЕ СЕ УТВРДИ СО ИЗРАБОТКА НА АУП
- 12,0 12,0 24,0 ПОСТОЕН ВОЗДУШЕН 110kV ДАЛНОВОД СО ЗАШТИТНА ЗОНА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС ОД 50m БЕЛСКИ ДОЛ

У ФАЗА

BILD URBAN

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2, КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ

ЛИСТ БР. 5

ТЕХ. БР. 0801/107/19

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.н.а., овл. бр. 0.0070
ИГОР ПОПОВСКИ, д.н.а., овл. бр. 0.0389

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ЛОКАЦИЈА: КО ТРКАЊЕ, О. КОЧАНИ 3.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ


1.2
E2
H=8,00m
П
АУП
1.3
E2
H=8,00m
П
АУП
НОВОПЛАНИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ „ПП-1"
L=243,44m
ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ ХМС „ВРЕГАЛНИЦА"

ОПШТИНА КОЧАНИ
Број. 22-30/161 од 13.04.2021год.

Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

ИЗВОД ОД ПЛАН: ТБ.бр.0801/107/19	
УПВНМ за изградба на фотоволтаични централи на дел од КП 19/1 и КП 19/2 КО Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: 09-1098/1 од 20.05.2020г.	
Намена на градба:Е2 - комунална супраструктура/градби за производство на енергија-фотоволтаични централи со капацитет до 1MW	
Ул. ,, _/_ ,, Бр. _/_	
КО: Тркање	КП.19/21
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за парцела : за ГП бр.1.2 за КП бр.19/21 КО Тркање
Графички приказ:Сообраќај

Зона:Вон населено место

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2 КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2029 КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
  ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ P = **18,14** ha
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- 1 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
- i=0,30% L=243,44m НИВЕЛАЦИЈА
- 363,59 m ВИСИНСКА КОТА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОВЕЌЕ ГРАДБИ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- H=8,00m МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- П МАКСИМАЛНА КАТНОСТ
- АУП ЗАДОЛЖИТЕЛНА РАЗРАБОТКА СО АРХИТЕКТОНСКО - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
- СИМБОЛИЧНА ПРЕТСТАВА НА ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА ЧИЈА ТОЧНА МЕСТОПОЛОЖБА ВО ГП КЕ СЕ УТВРДИ СО ИЗРАБОТКА НА АУП
- 12,0 12,0 24,0 ПОСТОЕН ВОЗДУШЕН 110kV ДАЛНОВОД СО ЗАШТИТНА ЗОНА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС ОД 50m БЕЛСКИ ДОЛ

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- АСФАЛТИРАН КОЛОВОЗ /НОВОПЛАНИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ/
- ЗЕМЈЕН КОЛОВОЗ /ПОСТОЕН ПРИСТАПЕН ПАТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДМК ОД ХМС „БРЕГАЛНИЦА"/
- ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ ХИДРО-МЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ „БРЕГАЛНИЦА"

УФАЗА BILD URBAN

СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2, КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ

ЛИСТ БР. 4

ТЕХ. БР. 0901/107/19

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070
ИГОР ПОПОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0389

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ЛОКАЦИЈА: КО ТРКАЊЕ, О. КОЧАНИ 3.2020

ОПШТИНА КОЧАНИ * РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


1.2
E2
H=8,00m
П
АУП
1.3
E2
H=8,00m
П
АУП
НОВОПЛАНИРАН ПРИСТАПЕН ПЛАТ „ПП-1"
ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ ХМС „БРЕГАЛНИЦА"
364,31m
243,44m
R50
11,9
8,7

СООБРАЌАЈНИ ПРОФИЛИ
М = 1:500

Пресек 1



НОВОПЛАНИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ „НПП-1“

Пресек 1А



НОВОПЛАНИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ „НПП-1“
И ПОСТОЕН ДМК ОД ХМС „БРЕГАЛНИЦА“

Пресек 1Б



ПРЕМИН - МОСТ НАД
ПОСТОЕН ДМК ОД ХМС „БРЕГАЛНИЦА“

Пресек 1В



ПРЕМИН - МОСТ НАД
ПОСТОЕН ДМК ОД ХМС „БРЕГАЛНИЦА“

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

ОПШТИНА КОЧАНИ
Број. 22-30/161 од 13.04.2021год.

Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

ИЗВОД ОД ПЛАН: ТБ.бр.0801/107/19	
УПВНМ за изградба на фотоволтаични централи на дел од КП 19/1 и КП 19/2 КО Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: 09-1098/1 од 20.05.2020г.	
Намена на градба:Е2 - комунална супраструктура/градби за производство на енергија-фотоволтаични централи со капацитет до 1MW	
Ул. ,, _/_ ,, Бр. _/_	
КО: Тркање	КП.19/21
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за парцела : за ГП бр.1.2 за КП бр.19/21 КО Тркање
Графички приказ:План на површини за градење

Зона:Вон населено место

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2 КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2029

КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

У ФАЗА

BILD URBAN

ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2, КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ

3 ЛИСТ БР.

ТЕХ. БР. 0801/107/19

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070
ИГОР ПОПОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0389

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ЛОКАЦИЈА: КО ТРКАЊЕ, О. КОЧАНИ 3.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ


1.2
Е2
Н=8,00m
П
АУП
1.3
Е2
Н=8,00m
П
АУП
ЛЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ ХМС „БРЕГАЛНИЦА"
11,9
8,7
5,0
3,0
R50

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

Е2

Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
/ ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА -
ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW /

Е1

Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
/СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ/

Е1

Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
/ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ
ХМС „БРЕГАЛНИЦА"/

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2

Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ

општина: Кочани

локалитет: УПВНМ за изградба на фотоволтаични централи и

на дел од КП19/1 и КП19/2, КО Тркање, Општина Кочани

дата: февруари 2020

БЛОК 1 П = 18,14 ha

БИЛД УРБАН Д.О.О.Е.Л. - Скопје

број на градежна парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	компатабилни класи на намена на основната класа на намена		максимална висина на градба	број на спратови	потребен број на паркинг места
1.1	18835 m²	13185 m²	70%	13185 m²	0,70	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	/	/	8,00 m	П	Паркирање во рамките на парцелата согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
1.2	19206 m²	13444 m²	70%	13444 m²	0,70	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	/	/	8,00 m	П	
1.3	19759 m²	13831 m²	70%	13831 m²	0,70	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	/	/	8,00 m	П	
1.4	19713 m²	13799 m²	70%	13799 m²	0,70	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	/	/	8,00 m	П	
1.5	19899 m²	13929 m²	70%	13929 m²	0,70	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	/	/	8,00 m	П	
1.6	20816 m²	14572 m²	70%	14572 m²	0,70	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	/	/	8,00 m	П	
1.7	21342 m²	14939 m²	70%	14939 m²	0,70	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	/	/	8,00 m	П	
1.8	24130 m²	11800 m²	49%	11800 m²	0,49	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	/	/	8,00 m	П	
	7312 m²					Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	/	/			
	235 m²					Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ од ХМС Брегалница /	/	/			
	10112 m²					Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ/	/	/			
	181360 m²	**109499 m²**	**60%**	**109499 m²**	**0,60**						

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

ОПШТИНА КОЧАНИ
Број. 22-30/161 од 13.04.2021год.

Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

ИЗВОД ОД ПЛАН: ТБ.бр.0801/107/19	
УПВНМ за изградба на фотоволтаични централи на дел од КП 19/1 и КП 19/2 КО Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: 09-1098/1 од 20.05.2020г.	
Намена на градба:Е2 - комунална супраструктура/градби за производство на енергија-фотоволтаични централи со капацитет до 1MW	
Ул. ,, _/_ ,, Бр. _/_	
КО: Тркање	КП.19/21
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за парцела : за ГП бр.1.2 за КП бр.19/21 КО Тркање
Графички приказ:Регулација

Зона:Вон населено место

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2 КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2029
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЛЕГЕНДА

	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ P = 18,14 ha
	ГРАНИЦА НА БЛОК
1	НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
	ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ
	ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
	РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
	ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
1.1	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
H=8,00m	МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
П	МАКСИМАЛНА КАТНОСТ
АУП	ЗАДОЛЖИТЕЛНА РАЗРАБОТКА СО АРХИТЕКТОНСКО - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
	СИМБОЛИЧНА ПРЕТСТАВА НА ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА ЧИЈА ТОЧНА МЕСТОПОЛОЖБА ВО ГП КЕ СЕ УТВРДИ СО ИЗРАБОТКА НА АУП
12.0 12.0 24.0	ПОСТОЕН ВОЗДУШЕН 110kV ДАЛНОВОД СО ЗАШТИТНА ЗОНА
	ЗАШТИТЕН ПОЈАС ОД 50m БЕЛСКИ ДОЛ

ФАЗА URBAN

РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ДЕЛ ОД КП19/1 И КП19/2, КО ТРКАЊЕ ОПШТИНА КОЧАНИ

ЛИСТ БР. 2

ТЕХ. БР. 0801/107/19

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070
ИГОР ПОПОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0389

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ЛОКАЦИЈА: КО ТРКАЊЕ, О. КОЧАНИ 3.2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ


1.2
E2
H=8,00m
П
АУП
1.3
E2
H=8,00m
П
АУП
НОВОПЛАНИРАН ПРИСТАПЕН ПАТ „НПП-1"
ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ ХМС „БРЕГАЛНИЦА"
РП

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

БЛОК 1	намена на површини	класа на намена	површина на парцели	процент
		шифра	m²	%
1	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	Е2	163700 m²	90,26%
2	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	Д2	7312 m²	4,03%
3	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ од ХМС Брегалница /	Е1	235 m²	0,13%
4	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ/	Е1	10112 m²	5,58%
Вкупно			181360 m²	100,00%

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

4.1.3. Планска програма

Планската програма треба да овозможи изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Фотоволтаични централи на дел од КП19/1 и КП19/2, КО Тркање, Општина Кочани, со кој ќе се уредат намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градби во рамките на локалитетот.

Урбанистичкиот план вон населено место се донесува за плански опфат кој не е опфатен со генерален урбанистички план и со урбанистички план за село и ќе се изработи согласно член 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

Основа за изработка на Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на Фотоволтаични централи на дел од КП19/1 и КП19/2, КО Тркање, Општина Кочани се Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија 2002 – 2020, изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот и за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се издава Решение за Услови за планирање на просторот.

Површината на планскиот опфат е целосно опфатена со претходно изработените Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на фотоволтаични централи на КП19/1, 19/2, КО Тркање, на м.в. Грамади, Општина Кочани, кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. 07011 од јули 2011 и за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерот за животна средина и просторно планирање со бр. 15-3438/9 од 17.08.2011. Овие Услови за планирање на просторот се издадени за поголем опфат со вкупна површина од 20ха. По реактивирање на задачата, поради усогласување со постојната водостопанска инфраструктура, како и имотно – правната состојба на лице место, одлучено е опфатот благо да се намали, при што сега се зафаќа површина од 18,14ха.

За можноста за користење на горенаведените Услови за планирање дополнително е обезбедено Мислење по однос на важење на издадени Услови за планирање на просторот од Министерството за животна средина и просторно планирање, во допис бр. 15-303/2 од 05.02.2019, со кој овој државен орган потврдува дека може да се користат веќе издадените Услови за планирање на просторот.

Урбанистичкиот план ќе се изработи врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Планската програма е изработена од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје и истата е одобрена од надлежните служби при Општина Кочани. Планската програма во целост е дадена како прилог на овој Урбанистички план вон населено место.

4.1.4. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој урбанистички план вон населено место, покрај насоките од Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на република Македонија 2002 – 2020, се и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место.

Согласно параметрите зададени со Условите за планирање на просторот и Планската програма, за просторот опфатен со предметниот урбанистички план вон населено место се планира развој со следниве класи на намена:

Е – Инфраструктура

Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/

Е1 – Комунална инфраструктура /Сообраќајни површини /

Е1 – Комунална инфраструктура / десен магистрален канал од ХМС Брегалница /

Д – Зеленило и рекреација

Д2 – Заштитно зеленило

Планскиот опфат претставува еден блок и истиот се разработува во една целина.

Врз основа на Планската програма, планот предвидува наменска употреба на земјиштето, односно класи на намени согласно Условите за планирање на просторот.

Во графичките прилози се дадени симболи за соодветни намени на просторот.

Планираната наменска употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

БЛОК 1	намена на површини	класа на намена	површина на парцели	процент
		шифра	m²	%
1	Е- ИНФРАСТРУКТУРА	Е	174047 m²	95,97%
2	Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Д	7312 m²	4,03%
Вкупно			181360 m²	100,00%

Односно:

БЛОК 1	намена на површини	класа на намена	површина на парцели	процент
		шифра	m²	%
1	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА - ФОТОВОЛТАИЧНИ ЦЕНТРАЛИ СО КАПАЦИТЕТ ДО 1MW/	Е2	163700 m²	90,26%
2	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	Д2	7312 m²	4,03%
3	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /ДЕСЕН МАГИСТРАЛЕН КАНАЛ од ХМС Брегалница /	Е1	235 m²	0,13%
4	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ/	Е1	10112 m²	5,58%
Вкупно			181360 m²	100,00%

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

Е – Инфраструктура ..... 17,40 ха

Со основна гласа на намена **Е2** – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/ ангажирани се 90.26% од територијата во границите на планскиот опфат или 163700м².

Во планскиот опфат се планираат 8 (осум) градежни парцели со основна класа на намена **Е2** – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/.

За градежните парцели 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7 и 1.8, со основна класа на намена **Е2** – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/, не се планираат компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

За овие градежни парцели зададен е услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект. Во понатамошните фази на разработка за секоја градежна парцела поединечно е потребно да се предвиди трафостаница за сопствени потреби – во функција на производството на енергија.

Дополнителен услов за реализација е предвидување на зеленило во склоп на градежната парцела, со минимална застапеност од 20% во однос на површината на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

Котата на приземната плоча ±0,00 м или нулта точка во однос на која се мери височината до хоризонталниот венец на градбите, за овие градежни парцели ќе се одреди во понатамошните фази на реализација – при изработка на проекти, при што истата се одредува поединечно за секоја градба, односно фотоволтаичен панел, во однос на теренот на лице место.

Нумерички податоци

- Површина на плански опфат ..... 181360 м²
- Вкупна површина за градење..... 109499 м²
- Вкупна бруто развиена површина ..... 109499 м²
- Процент на изграденост.....60 %
- Коефициент на искористеност 0,60

Во групата на класи на намена **Е** – Инфраструктура спаѓаат и сообраќајните површини и десниот магистрален канал од ХМС Брегалница, со основна класа на намена **Е1** – Комунална инфраструктура /Сообраќајни површини и десен магистрален канал од ХМС Брегалница /, со кои се ангажирани 5,71% од територијата во границите на планскиот опфат или 10347м².

Површината со основна класа на намена Е**1** – Комунална инфраструктура /Сообраќајни површини/, ангажира 5,58% од територијата во границите на планскиот опфат или 10112м² , додека површината со основна класа на намена Е**1** – Комунална инфраструктура / десен магистрален канал од ХМС Брегалница /, ангажира 0,13% од територијата во границите на планскиот опфат или 235м²

За овие површини не се планираат градежни парцели, ниту компатибилни класи на намена во однос на основната класа.

Д – Зеленило и рекреација ..... 0,73 ха

Во групата на класи на намена **Д** – Зеленило и рекреација спаѓаат и површините под заштитно зеленило, со основна класа на намена **Д2** – Заштитно зеленило, со кои се ангажирани 4.03% од територијата во границите на планскиот опфат или 7312м². За овие површини не се планираат градежни парцели, ниту компатибилни класи на намена во однос на основната класа. Се работи за планирана заштитна зона на постојниот Десен магистрален канал од ХМС „Брегалница", со минимална широчина од 4,0м.

4.1.5. Сообраќајна и комунална инфраструктура

4.1.5.1. Сообраќаен план

Сообраќајниот пристап до локалитетот е од две страни:

- Источно се пристапува од постоен земјен пат кој на околу 150м јужно се надоврзува на постојната улица „Никола Димитров" во крајниот западен крај на Град Кочани. На оваа точка на поврзување потребно е да се реализира мост на постојниот Десен магистрален канал на ХМС „Брегалница", за понатамошно поврзување на внатрешноста на опфатот.

- Западно се пристапува од постоен земјен пат, кој на околу 1км југоисточно се поврзува на постониот магистрален пат „А3" (Штип – Кочани). На оваа точка на пристап веќе постои мост над Десниот магистрален канал на ХМС „Брегалница".

Долж јужната граница на планскиот опфат минува постојниот Десен магистрален канал од Хидро-мелиоративниот систем „Брегалница". Каналот со својот профил, на делот кај постојниот и планираниот мост, навлегува во границите на планскиот опфат. Од другата страна на профилот на каналот, паралелено со истиот, постои земјен пат со променлив профил од 2,2 до 4,5м, кој служи исклучиво за одржување на самиот канал. Овој пат не се планира да се користи како сообраќаен пристап до локалитетот.

Во внатрешноста на опфатот, заради опслужување на сите планирани градежни парцели се планира нов пристапен пат:

Новопланиран пристапен пат „НПП-1" (Пресек 1)

- коловоз	2×3,50	= 7,00м
- баникина	2×0,60	= 1,20м
Вкупно:		= 8,20м

СООБРАЌАЈНИ ПРОФИЛИ
М = 1:500



Планирано е поврзување на овој новопланиран пристапен пат со сообраќајната мрежа вон планскиот опфат на двете горенаведени точки на поврзување, при што треба да се реализираат мостови за премин преку постојниот Десен магистрален канал од ХМС „Брегалница". На западниот пристап веќе постои мост – премин преку каналот, но истиот е со незадоволителна широчина на профилот од 3,5m, односно неопходно е проширување. При реализација на мостовите, неопходно е да не се нарушува нормалното функционирање на каналот, за што е неопходно да се обезбеди минимална височина на слободниот профил под мостот од h=2,60m, а профилот на самиот канал да се задржи истоветно како во постојна состојба

За обезбедување на соодветен сообраќаен пристап до локалитетот неопходно е во следните фази на разработка да се изработи проект за инфраструктура, за пристапен пат кој ке го поврзе локалитетот и постојната улица "Никола Димитров" , лоцирана на југоисточниот дел.

Радиусите и кривините на уличната мрежа се планирани адекватно со сообраќајните прописи и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална така и хоризонтална, треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Паркирањето на моторните возила е предвидено во рамките на сопствената градежна парцела, со димензионирање на потребниот број на паркинг места во согласност со одредбите на член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Со оглед на планираната намена на просторот, во самиот плански опфат нема да има постојано вработени лица, односно се очекува единствено повремено посетување од служби за одржување на фотонапонските централи. Оттаму, и потребите за паркирање се минимални. Фактичкиот потребен број на паркинг места ќе се утврди во понатамошните фази – со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нивната намена, а за секоја градежна парцела поединечно. Паркирањето да се реши во рамките на самите градежни парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 18,14ха од која 1,01ха (10112м^2) е под сообраќајни површини, што претставува 5,58%.

Нивелациски план

Со изработка на Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на Фотоволтаични централи на дел од КП19/1 и КП19/2, КОТкање, Општина Кочани пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на планираната улична мрежа.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Подолжните падови се движат во границите на дозволените, со подолжен наклон меѓу 0,30% и 7,90%.

4.1.5.2. Хидротехничка инфраструктура

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на Фотоволтаични централи на дел од КП19/1 и КП19/2, КОТкање, Општина Кочани се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- нивелациското решение на улиците во границите на планскиот опфат и
- технички прописи и нормативи за овој вид на инсталации.

Со планската документација просторот е предвиден со доминантна основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/.

Површината на планскиот опфат изнесува 18,14ха.

Водоснабдување

Земајќи ја во обѕир планираната намена, водоснабдување на локалитетот не е потребно и оттаму не се планира.

Количини на отпадни и фекални води

Земајќи ја во обѕир планираната намена, во рамките на опфатот нема да има појава на отпадни фекални води и оттаму фекална канализација не се планира.

Атмосферска канализација

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, дворните површини, од површините на улиците и зелените површини.

Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелациското решение на уличната мрежа и конфигурацијата на теренот.

Количини на атмосферски води

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за Кочанската Котлина кој изнесува i = 85 l/sec/ha.

$$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \phi$$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

$$Fa = 18{,}14ha$$

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

$$\Psi = (F1 \times \Psi1 + F2 \times \Psi2 + F3 \times \Psi3) / \Sigma F$$

$$\Psi = (13{,}78 \times 0{,}80 + 3{,}44 \times 0{,}15 + 0{,}92 \times 0{,}85) / 18{,}14 = 0{,}68$$

Каде:

F1 – површини под покриви
F2 – површини со зеленило
F3 – површини под улици и тротоари
Ψ1 – коефициент на отекување од покриви
Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило
Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација ќе се пресмета по формулата:

$$\phi = 1 / n\sqrt{\Sigma F} = 1 / 5\sqrt{18{,}14} = 1 / 1{,}79 = 0{,}56$$

при што n = 5 за површини со слаб наклон и со продолжена форма.

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Qa = 18{,}14 \times 85 \times 0{,}68 \times 0{,}56 = 586{,}64\ l/sec$$

Усвоено е главната одводна цевка за атмосферска канализација за овој дел да биде Ø800mm со минимален пад од 0,30%, со максимален проток од 724,28 l/sec и брзина на течење V = 1,45m/sec.

Атмосферските води ќе се испуштат во постојниот „Белски Дол", лоциран во непосредна близина на источната граница на планскиот опфат, на растојание од 50 до 100м. Пред реализација да се изработи Проект за инфраструктура.

Испуштањето на атмосферските води во постојниот „Белски Дол", да се планираат со испусна градба со армирано бетонска излезна глава опремена со неповратен канализациски вентил и метална заштитна решетка.

Водостопанска инфраструктура

Долж јужната граница на планскиот опфат минува постојниот Десен магистрален канал од Хидро-мелиоративниот систем „Брегалница".

Десниот магистрален канал од ХМС „Брегалница" согласно Податоците и информациите добиени од Водостопанство Брегалница-Кочани со бр. 03-246/2 од 07.06.2011 год, кој минува низ дел од опфатот е на влезниот дел со аквадуктот „Бели" со должина од 30 м. и попречен пресек од вертикален тип со наклон на косините на зидот од 10:1, ширина на кавадуктот во дното од 3,00 м. и висина од 2,60м. аквадуктут е изведен со средишен распон од 13м. и два препуста од по 8,0 м. а

потоа веднаш поминува во трапезен канал со наклон на косините од 1:1 со ширина во дното од 0,90 м. висина на каналот 2,60 м .Нагибот на каналот е со 0,40/00.

Каналот со својот профил, на делот кај постојниот и планираниот мост, навлегува во границите на планскиот опфат.

Од другата страна на профилот на каналот, паралелено со истиот, постои земјен пат со променлив профил од 2,2 до 4,5м, кој служи исклучиво за одржување на самиот канал. Овој пат не се планира да се користи како сообраќаен пристап до локалитетот.

Со цел заштита на каналот, долж целата јужна граница на планскиот опфат планирана е зона на заштитно зеленило (основна класа на намена Д2 – Заштитна зеленило), во појас помеѓу каналот и новопланираниот пристапен пат „НПП-1", со минимална широчина од 4,0м до 19,20м.

Пристапот до локалитетот е планиран со поврзување на две точки, при што треба да се реализираат мостови за премин преку постојниот Десен магистрален канал од ХМС „Брегалница". На западниот пристап веќе постои мост – премин преку каналот, но истиот е со незадоволителна широчина на профилот од 3,5m, односно неопходно е проширување. При реализација на мостовите, неопходно е да не се нарушува нормалното функционирање на каналот, за што е неопходно да се обезбеди минимална височина на слободниот профил под мостот од h=2,60m, а профилот на самиот канал да се задржи истоветно како во постојна состојба.

Сумирано: Каналот долж надворешната страна на јужната граница на планскиот опфат не е предмет на никакви измени и ќе продолжи да функционира непречено.

4.1.5.3. Електро-енергетика и телекомуникациски инсталации

Во планскиот опфат се планираат вкупно 8 (осум) градежни парцели, сите со основна класа на намена **Е2** – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/.

Проектираниот капацитет за производство на електрична енергија е до 1MW за секоја од овие 8 новопланирани градежни парцели.

Поврзувањето со постојната електроенергетска мрежа ќе биде детално разработено во понатамошните фази – при изработка на основни проекти. Истото треба да се реализира во соработка со правните субјекти кои управуваат со електроенергетските мрежи.

Јужно од планскиот опфат, во релативна близина на истиот – на најблиско растојание од 12m, минува постоен воздушен 110kV далновод, со кој стопанисува МЕПСО АД Скопје. За овој далновод соодветно е нанесен заштитниот појас во широчина од 12m лево и десно од осовината на далноводот, запазувајќи ги одредбите на Правилникот за техничките нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV (Службен лист на СФРЈ, број 65/1988).

Улично осветлување

Не се планира изведба на улично осветлување.

Новопланираниот пристапен пат „НПП-1" е наменет исклучиво за пристап до планираните градежни парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/. Со оглед на планираната намена на просторот, во самиот плански опфат нема да има постојано вработени лица, односно се очекува единствено повремено посетување од служби за одржување на фотонапонските централи. Оттаму, нема потреба од улично осветлување.

Телекомуникациска мрежа

Не се планира изведба на телекомуникациска инфраструктура.

Со оглед на планираната намена на просторот, во самиот плански опфат нема да има постојано вработени лица, односно се очекува единствено повремено посетување од служби за одржување на фотонапонските централи. Оттаму, нема потреба од телекомуникациска инфраструктура.

4.1.6. Економско образложение

Економското образложение за начинот, одемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на Фотоволтаични централи на дел од КП19/1 и КП19/2, КО Тркање, Општина Кочани ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на замјиштето за изградба на објектите, инфраструктурните системи и партерно уредување.

Во функција на определбите за одржлив развој во енергетскиот сектор и искористување на алтернативните енергии, Проектот целосно се вклопува во планскиот развој на Република Македонија. Предвидениот капацитет и планирано производство на електрична енергија, условен од поволните метеоролошки услови, во регионот на Општина Кочани, ќе дадат свој допринос во енергетскиот биланс на Државата.

Секое определување на трошоците за реализација на овој опфат е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите и слични пресметки во идејните и основните проекти, а се изложени на промена на цените, не можност да се утврдат одредени ставки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обем на уредување на градежно земјиште и слично.

Сончевата енергија е моќен извор на обновлива енергија. Оваа енергија лесно се акумулира и не предизвикува загадување на животната средина, што ја прави многу поволен извор за добивање на топлинска енергија или електрична енергија.

Во овој Проект се планира поставување на систем од фотоволтаични (соларни) ќелии кај кои сончевите зраци удираат во сончевите панели и сончевата светлина директно се претвара во електрична, па функционираат како исклучително еколошки прифатливи. Благодарејќи на долгиот животен век и едноставната градба фотоволтаичниот систем е погоден за поставување на локалитети каде може да се поврзе со постојната електроенергетска мрежа како нејзино надополнување.

Планот предвидува 109499м² вкупна изградена површина.

4.1.7. Општи услови за изградба

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот план вон населено место, односно за изготвување на извод од урбанистички план и услови за изработка на архитектонско урбанистички проекти.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на Деталниот урбанистички план.

2. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на урбан дел и градежна парцела поединечно.

3. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба, прикажани се сите градежни парцели групирани по урбани делови и дефинирани со:
   - број на градежна парцела;
   - површина на градежна парцела (м²)
   - површина за градење (м²)
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (м²)
   - коефициент на искористеност (к);
   - намена на земјиштето и градбите;
   - максимална висина на градбата (м');
   - максимален број на катови;
   - потребен број на паркинг места.

   Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4. Со планот се одредени следните услови:
   - облик и големина на градежна парцела (м²);
   - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
   - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (м²);
   - коефициент на искористеност (к);
   - намена на објектот;
   - максимална висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар – максимална висина на венец (м');
   - максимален број на катови;
   - паркирање – гаражирање на возилата.

5. Паркирање – гаражирање на моторни возила да се реши во рамките на парцелата.

6. За градежните парцели со основна класа на намена Е2 – Комунална супраструктура /Фотоволтаични централи со капацитет до 1MW/ котата на приземната плоча ±0,00м или нулта точка во однос на која се мери височината до хоризонталниот венец на градбите ќе се одреди во понатамошните фази на реализација – при изработка на

проекти, при што истата се одредува поединечно за секоја градба, односно фотоволтаичен панел, во однос на теренот на лице место.

7. Градежната парцела во рамките на планскиот опфат може да се огради, а типот и висината на оградата ќе се определи според намената на објекотот и другите барања за заштита.

8. За обезбедување на соодветен сообраќаен пристап до локалитетот неопходно е во следните фази на разработка да се изработи проект за инфраструктура, за пристапен пат кој ке го поврзе локалитетот и постојната улица "Никола Димитров" , лоцирана на југоисточниот дел.

9. Површините наменети за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со максимален подолжен наклон од 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

10. Од аспект на одржив степен на сеизмичка заштита да при изградба да се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето.

11. Доколку при реализацијата на планираната изградба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

12. Основни критериуми од аспект на заштитата на водите на водотекот Белски дол, согласно Законот за Води (Сл. Весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10 , 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и Мислењето од аспект на заштита на водите, издаден од Министерство за животна средина, Управа за животна средина - Сектор за води со арх.бр.11-5804/2 од 19.12.2019 година, се следните:

1. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите, се забранува изградба на објекти и постројки во крајбежните земјишта освен со Водостопанска согласност;

2. Местоположбата на постројките и објектите треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општината, по предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

3. Заради заштита и спречување од оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува:

   - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите, и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите;

- да се менува правецот на водотекот без согласност на Управа за животна средина - Сектор за води;
- да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20метри од ножицата на одбранбените насипи;
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот.
- За постоечките канали потребно е слободен пристап по 5 метри левои 5 метри десно од надворешната страна на ножицитена насипот;
- да се сечат дрва, грмушки и друга вегетација од речните коритата и бреговите на водотеците;
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др.) земја, градеженшут, јаловина и слично;

4. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;

